# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 19 став 4 и член 20 став 4, од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало.

## Член 2

Регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало (во натамошниот текст: Регистар) се води во електронска и пишана форма.

Во електронска форма Регистарот се води во EXSEL програма.

## Член 3

Регистарот се води во книга со тврди корици на А3 формат составен од евиденциски листови во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

На предната страна на корицата со златна боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани зборовите: Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Фитосанитарна управа; Регистар на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало.

## Член 4

(1) Евиденцискиот лист на Регистарот ги содржи следниве податоци:
1. Идентификациски број на правното лице;
2. Назив на правното лице;
3. Единствен даночен број на правното лице;
4. (БДС) број на деловниот субјект;
5. Седиште и адреса на правното лице;
6. Адреса на објектот за пласирање на ѓубриња на големо и мало;
7. Датум и архивски број на решението за упис;
8. Датум и број на решението за пласирање на големо и мало, издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарна управа;
9. Други потребни податоци;
10. Промени;
11. Забелешки.

(2) Образецот на Регистарот е даден во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.17-223/4 | Министер за земјоделство, |
| октомври 2010 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски** , с.р. |

ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

# РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификациски број на правното лице | Назив на правното лице | Единствен даночен број на правното лице | ( БДС) број на деловниот субјект | Седиште и адреса на правното лице | Адреса на објектот за пласирање на ѓубриња на големо и мало | Датум и архивски број на Решението за упис | Датум и број на Решението за пласирање на големо и мало, издадено од министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа | Други потребни податоци | Промени | Забелешки |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |